Бр./Nr 12-3957/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

23-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 68-мата седница одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3957/1 од 18.04.2022 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-3957/1 од 18.04.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 18.04.2022 година, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-3957/1 од 18.04.2022 година.

Преку електронска пошта, подносителот доставува барање/молба за продолжување на постапување по предмет 12-5498/1 од 03.12.2019 година за кој ДКСК веќе има донесено одлука.

По разгледувањето на барањето, ДКСК констатира дека на барање на Основното јавно обвинителство Скопје со допис од 22.06.2021 година копија од целокупната документација која се однесува на предметот број 12-5498/1 од 03.12.2019 година, вклучувајќи ја и донесената одлука од страна на ДКСК, се доставени до обвинителството.

Имајќи предвид дека ДКСК согласно своите надлежности веќе има донесено одлука, а за овој случај постапува и јавно обвинителство, во конкретниот случај не постои основ за продолжување на постапката и елементи за повторно надлежно постапување по предметот.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

Republika e Maqedonisë së Veriut / KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT / Shkup / Република Северна Македонија / ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА / Скопје

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.org.mk